08 - 317/4
17 -06- 2024

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на првото продолжение на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предмет со бр.08-1347/1 од 22.02.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1347/1 од 22.02.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр.08-1347/1 од 22.02.2023 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицата ___________, _________ и _______________ во законски предвидениот рок по именување на функцијата член на _____________ не поднеле изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до горе наведените лица. За сторителите на прекршокот _________ и ____________ ДКСК изготви Барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија по што за истите е донесено Решение со бр. 14-318/4 од 01.04.2024 година и Решение со бр.14-319/4 од 28.03.2024 година со кои се прогласени за одговорни за сторениот прекршок. Воедно лицето ___________ на ден 27.11.2023 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог по што е донесена Одлука со бр.08-1347/12 од 23.01.2024 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, советник
**Одобрил:** м-р Б.К.Ш, член

Претседател
Татјана Димитровска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk